**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**за работата на Комората на извршители на Република Северна Македонија**

**за периодот од 1 јануари 2020**

**до 31 декември 2020 година**

**Предлог**

**Општ преглед на поставеноста и активностите на извршителите во Република Северна Македонија**

Во оваа извештајна година, вкупниот број на извршители на 31.12.2020 година изнесуваше 99, и истите се распоредени на 11 подрачја на основните судови во Република Северна Македонија.

Измените во оваа година во број на извршители и пополнетост на предвидени извршителски места во однос на минатата извештајна година е резултат на бришење од Именикот на извршители на четворица извршители.

Во оваа извештајна година се спроведе бришење во Именикот на извршители при Комората на извршители, на следниве извршители:

1. Извршител Владе Милевски од Битола чија што должност престана поради навршување на 64 години возраст, согласно закон;
2. Извршител Станка Кулакова од Штип чија што должност престана согласно барање за ослободување од вршење на должност, согласно закон;
3. Извршител Зоран Стоиловски од Делчево чија што должност престана согласно барање за ослободување од вршење на должност, согласно закон;
4. Извршител Васил Донев од Струмица чија што должност престана поради навршување на 64 години возраст, согласно закон;

Во оваа извештајна година Министерството за правда на РСМ именуваше извршители за следните подрачја

1. Извршител Фросина Петровиќ-Стојмановска од Куманово за подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово;
2. Извршител Милена Манолева[1] од Струмица за подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш на местото на извршител Васил Донев.

[1] Новоименуваниот извршител започна со работа во 2021 година

На барање на Комората 97[2] извршители пополнија и приложија до КИРСМ анкетни листови за 2020 година, по чие сумирање, беа добиени следниве податоци:

| Анкета за 2020 година | | |
|---|---|---|
| р.б | **Прашање:** | Вкупно |
| **1** | **Вкупниот број на вработени во мојата извршителска канцеларија(вклучувајки го и извршителот) изнесува:** | 448 |
| **2** | **Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија (не вклучувајќи го извршителот и волонтерите) изнесува: НАПОМЕНА:Ве молиме изразете го степенот на завршено образование на вработениот според работното место ( пр: заменикот вработен во канцеларијата ќе биде изразен само во ставката дипломиран правник со положен испит за извршители)** | 351 |
| | *** со средно образование** | 78 |
| | ***дипломирани правници** | 159 |
| | ***со друго високо образование** | 47 |
| | ***дипломирани правници со положен правосуден испит** | 123 |
| | ***дипломирани правници со положен испит за извршители** | 44 |
| | ***основно образование** | 0 |
| | ***друго (наведете)   Више образование** | 3 |
| **3** | **Мојот Заменик извршител е:** | |
| | **вработен во канцеларија ( можен одговор ДА или НЕ)** | 19 одговори да |
| | **друг извршител (можен одговор ДА или НЕ)** | 63 одговори не |
| **4** | **Број на помошници извршители** | 41 |
| **5** | **Број на волонтери** | 12 |
| **6** | **Со колку компјутери вкупно располагате Вие и вашите вработени во извршителската канцеларија?** | 527 |
| **7** | **Дали се истите мрежно поврзани ? ( одговорете со да или не)** | 7 |
| **8** | **Со колку службени возила располага Вашата канцеларија?** | 78 |
| **9** | **Со колку квадратни метри располага Вашата извршителска канцеларија?** | 7003 |
| **10** | **Дали користите електронски пристап по чл.36 ст.10 од ЗИ до услугите на: (одговорете со да или не)** | |
| | ***Централен регистар** | 66 одговори да<br>28 одговори не, |
| | ***Управа за јавни приходи** | 64 одговори да<br>32 одговори не |
| | ***КИБС** | 96 одговори да |
| | ***Катастар** | 95 одговори да |
| | ***е банкинг плаќање** | 95 одговори да,<br>1 одговор не |
| | ***Агенција за вработување на РСМ** | 94 одговори да |

[2] Недостасуваат  податоци од извршител Џемаљи Арифи и извршител Александар Тасевски ( под суспензија).

| | | |
|---|---|---|
| | *Управата за водење на матични книги, | 3 одговори да<br>83 одговори не, |
| | *Министерството за внатрешни работи | 2 одговори да<br>86 одговори не, |
| | *Министерство за труд и социјална политика | 83 одговори да,<br>9 одговори не |
| | *друго (наведете) | / |
| 11 | *On line бази на закони и прописи (Службен весник, академика или др.) | 39 одговори да<br>51 одговори не, |
| 12 | Извршителот има квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати - токен за електронски потпис? (одговорете со да или не) | 92 одговори да |

Согласно што, вкупниот број на вработени лица во извршителските канцеларии, не вклучувајќи ги извршителите, изнесува 351 .

| Година | Број на извршители | Број на вработени | Просечен број на вработени во канцеларија без извршител |
|---|---|---|---|
| 2008 | 54 | 231 | 4,28 |
| 2009 | 77 | 177 | 2,95 |
| 2010 | 79 | 375 | 4,69 |
| 2011 | 91 | 339 | 3,85 |
| 2012 | 92 | 400 | 4,35 |
| 2013 | 98 | 460 | 4,69 |
| 2014 | 97 | 507 | 5,23 |
| 2015 | 99 | 526 | 5,31 |
| 2016 | 98 | 509 | 5,19 |
| 2017 | 101 | 520 | 5,14 |
| 2018 | 97 | 422 | 4,35 |
| 2019 | 91 | 362 | 4,02 |
| 2020 | 99 | 351 | 3,61 |

**Техничка и кадрова опременост на КИРСМ**

Во однос на техничката опременост на КИРСМ, истата располага со: 4 Десктоп Компјутери со MS Office, 2 лаптоп компјутери, 5 принтери, 1 факс, 1 ЛЦД проектор, 1 телевизор, 1 фотокопир, 1 скенер, 3 статични телефонски апарати, 1 метален сеф, 1 огноотпорен ормар, мебел и работни бироа.

Кадровскиот капацитет на Стручната служба на КИРСМ, се состои од четири лица во редовен работен однос, од кои едно лице како помлад стручен соработник[3], едно лице

[3] Помладиот стручен соработник од 24.10.2019 година е назначен за вршител на должност Генерален секретар на КИРСМ.

како стручен соработник, едно лице како правник и едно лице како самостоен референт за архивско и канцелариско работење.

### Постигнати резултати во извршувањето

Споредбено по години, резултатите за спроведување на извршување врз основа на доставените извештаи за работа на извршителите се следните:

Во извештајната 2020 година, бројот на вкупно примени барања за извршување во извршителските канцеларии[4] изнесува 101.360 барања, додека пак завршени се 42.233 предмети.

| Година | Примени барања [5] | Реализирани[6] | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6,335 | 2,750 | 43.41% | € 20,217,987.00 |
| 2007 | 30,098 | 12,102 | 40.21% | € 49,294,201.00 |
| 2008 | 40,141 | 14,332 | 35.70% | € 60,054,078.00 |
| 2009 | 58,516 | 22,901 | 39.14% | € 78,054,164.00 |
| 2010 | 67,297 | 35,607 | 36.76% | € 94,760,634.00 |
| 2011 | 73,570 | 30,668 | 42.65% | € 80,106,316.00 |
| 2012 | 164,055 | 33,384 | 25.74% | € 104,312,352.00 |
| 2013 | 141,115 | 38,205 | 33.96% | € 127,780,882.00 |
| 2014 | 159,575 | 49,452 | 30.99% | € 107,876,768.00 |
| 2015 | 154,522 | 52,457 | 33.95% | € 107,646,962.00 |
| 2016 | 227,836 | 54,720 | 24,02% | € 118,964,677.41 |
| 2017 | 88,723 | 56,163 | 63,30 % | € 166,224,905.97 |
| 2018 | 112,250 | 62,515 | 55,69% | € 126,966,895.41 |
| 2019 | 121,812 | 57,065 | 46,84% | € 123,255,351.58 |
| 2020 | 101.360 | 42.233 | 41,66% | € 123,163,049.63 |
| **Вкупно за 15 години** | 1.547.205 | 564.554 | **36,48%** | **1,488,679,224.01 €** |

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кои извршителите го наплатиле во 2020 година изнесува 123,163,049.63 евра.

[4] Во табелата недостасуваат податоци за 4-ца извршители: за извршител Александар Тасевски ( под суспензија) за цела 2020 година, извршител Александар Пулејков 2,3 и 4 квартал, извршител Зоран Стоиловски 3 и 4 квартал и извршител Станка Кулакова 4 квартал

[5] Согласно одлука на Управен одбор на КИРСМ 02-253/4 од 21.06.2021 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2020 година

[6] Согласно одлука на Управен одбор на КИРСМ 02-253/4 од 21.06.2021 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2020 година

| Податоци од резултати по подрачја на извршители од 2020 година[7] | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје** | **Број на извршители** | **Примени барања** | **Реализирани** | **Процент на реализација** | **Наплатени средства во евра** |
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 4 | 4289 | 1507 | 12.38 | 2,324,493.95 € |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 6 | 5500 | 2577 | 13.99 | 6,718,164.68 € |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 10 | 8131 | 3563 | 7.67 | 5,040,673.12 € |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 6 | 6121 | 2119 | 7.01 | 3,248,105.11 € |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 9 | 6445 | 4040 | 7.21 | 2,711,575.56 € |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 5 | 3849 | 2540 | 10.46 | 4,324,148.96 € |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 6 | 4080 | 1547 | 7.92 | 3,163,182.02 € |
| **8. Основен суд граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје** | 34 | 47157 | 18088 | 9.50 | 77,698,688.48 € |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 7 | 5274 | 2165 | 9.33 | 11,569,756.58 € |
| **10. Основен суд Тетово** | 6 | 5521 | 1984 | 8.39 | 3,661,052.67 € |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 6 | 4993 | 2103 | 13.28 | 2,703,208.50 € |
| **ВКУПНО:** | **99** | **101360** | **42233** | **9,50** | **123,163,049.63 €** |

[7] Согласно одлука на Управен одбор на КИРСМ 02-253/4 од 21.06.2021 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2020 година

Најголем процент на реализирани извршни исправи[8] има подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен со 13,99% додека пак подрачје на кое има најмала реализација на извршни исправи во однос на примените барања за извршување во тековната година е подрачјето на Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево 7.01 %.




[8] Во табелата недостасуваат податоци за 4ца извршители: за извршител Александар Тасевски ( под суспензија) за цела 2020 година, извршител Александар Пулејков 2,3 и 4 квартал, извршител Зоран Стоиловски 3 и 4 квартал и извршител Станка Кулакова 4 квартал

Табеларен приказ на процентот на реализација споредбено за последните седум години :

| Подрачје | Процент на реализација во 2014 година | Процент на реализација во 2015 година | Процент на реализација во 2016 година | Процент на реализација во 2017 година | Процент на реализација во 2018 година | Процент на реализација во 2019 година | Процент на реализација во 2020 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | **35.76** | 43.92 | 34.96 | 19.52 | 10.23 | 9.81 | 12.38 |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | **44.6** | 49.6 | 37.07 | 22.96 | 18.53 | 16.09 | 13.99 |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | **48.39** | 41.08 | 42.59 | 15.67 | 5.81 | 8.33 | 7.67 |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | **17.93** | 29 | 12.91 | 9.49 | 7.20 | 4.81 | 7.01 |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | **31.17** | 32.56 | 18.61 | 14.46 | 10.96 | 6.67 | 7.21 |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | **34.17** | 29.32 | 23.97 | 15.61 | 12.59 | 11.03 | 10.46 |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | **32.06** | 34.17 | 46.24 | 22.44 | 11.63 | 8.96 | 7.92 |
| **8.Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје** | **26.6** | 31.02 | 19.91 | 14.12 | 9.86 | 10.30 | 9.50 |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | **39.66** | 39.83 | 37.21 | 21.22 | 8.91 | 9.30 | 9.33 |
| **10. Основен суд Тетово** | **20.65** | 20.58 | 13.12 | 8.23 | 6.55 | 7.09 | 8.39 |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | **37.28** | 39.28 | 37.65 | 24.72 | 21.12 | 14.21 | 13.28 |

Според податоците од оваа извештајна година[9] во поглед на висина на наплатени средства за доверителите[10], извршителите од подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје имаат најмногу наплатено парични средства и тоа во висина од 4,778,469,341.50 денари, додека пак најмалку наплатени парични средства има кај извршителите на подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Виница, Основен суд Берово и Основен суд Делчево во висина од 142,956,378.00 денари.




[9] Во табелата недостасуваат податоци за 4ца извршители: за извршител Александар Тасевски ( под суспензија) за цела 2020 година, извршител Александар Пулејков 2,3 и 4 квартал, извршител Зоран Стоиловски 3 и 4 квартал и извршител Станка Кулакова 4 квартал

Согласно податоците од доставените извештаи за работата на извршителите за оваа извештајна година[11] најголемиот број од примените извршни исправи биле успешно реализирани во период на времетраење од повеќе од една година од моментот на поднесување на барањето за извршување:




Споредбено по години, во бројот на реализирани извршни исправи од страна на извршителите во 2020 година[12] се забележува намалување, па во оваа извештајна година реализирани се вкупно 42.233[13] извршни исправи.

[11] Во табелата недостасуваат податоци за 4ца извршители: за извршител Александар Тасевски ( под суспензија) за цела 2020 година, извршител Александар Пулејков 2,3 и 4 квартал, извршител Зоран Стоиловски 3 и 4 квартал и извршител Станка Кулакова 4 квартал

[12] Во табелата недостасуваат податоци за 4ца извршители: за извршител Александар Тасевски ( под суспензија) за цела 2020 година, извршител Александар Пулејков 2,3 и 4 квартал, извршител Зоран Стоиловски 3 и 4 квартал и извршител Станка Кулакова 4 квартал

[13] Согласно одлука на Управен одбор на КИРСМ 02-253/4 од 21.06.2021 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2020 година




**Сума на наплатени средства според доверители**

Врз основа на добиените податоци од кварталните извештаи за 2020 година[14], според структура на доверители, извршителите во полза на државата наплатиле вкупен износ од 1,058,882.55 евра. Воедно, во истиот период, назад во стопанството се влезени вкупно 106,916,728.29 евра, благодарение на реализацијата од страна на извршителите во РСМ, додека пак во полза на физичките лица-доверители реализирани се 15,420,464.97 евра.

| Сума на наплатените средства според доверители | Износ во денари и евра за 2020 година | |
|---|---|---|
| - за физички лица | 948,358,595.50 ден | 15,420,464.97 € |
| - за правни лица | 6,575,378,789.87 ден | 106,916,728.29 € |
| - за РМ | 65,121,277.00 ден | 1,058,882.55 € |

[14] Во табелата недостасуваат податоци за 4ца извршители: за извршител Александар Тасевски ( под суспензија) за цела 2020 година, извршител Александар Пулејков 2,3 и 4 квартал, извршител Зоран Стоиловски 3 и 4 квартал и извршител Станка Кулакова 4 квартал




| | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| - за физички лица | 15,420,464.97 € | 21,896,400.88 € | 22,406,666.46 € | 16,531,233.19 € | 16,854,074.03 € |
| - за правни лица | 106,916,728.29 € | 99,760,324.62 € | 103,125,859.93 € | 147,255,108.31 € | 87,340,242.91 € |
| - за РМ | 1,058,882.55 € | 2,892,703.25 € | 2,328,251.66 € | 3,040,228.65 € | 3,386,066.83 € |

## Сума на наплатени средства според должници

Според структура на должници, извршителите во 2020 година[15] наплатиле најмногу парични средства од должници правни лица, поточно 89,485,148.54 евра, потоа од физички лица износ од 24,662,033.70 евра и крајно од Република Северна Македонија износ од 9,432,440.99 евра.

| Сума на наплатените средства според должници | Износ во денари и евра за 2020 година | |
|---|---|---|
| - од физички лица | 1,516,715,072.39 ден | 24,662,033.70 € |
| - од правни лица | 5,503,336,634.98 ден | 89,485,148.54 € |
| - од РМ | 580,095,121.00 ден | 9,432,440.99 € |

[15] Во табелата недостасуваат податоци за 4ца извршители: за извршител Александар Тасевски ( под суспензија) за цела 2020 година, извршител Александар Пулејков 2,3 и 4 квартал, извршител Зоран Стоиловски 3 и 4 квартал и извршител Станка Кулакова 4 квартал




Комората направи анализа на податоците, врз основа на доставените квартални извештаи од извршителите според основот на побарувањето за кое е поднесено барање за извршување. Бројот на поднесени барања за реализирање на непарични побарувања во извештајната 2020 година е вкупно 24 барања за извршување.



1. **<u>Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората</u>**

Во текот на оваа извештајна година не се одржа Редовно Годишно Собрание од причина што, не беше исполнет законскиот услов за одржување на седницата на Редовното Годишно Собрание на КИРСМ.

Во оваа извештајна година Собранието на КИРСМ одржа четири Вонредни собранија на кои беа донесени следниве поважни одлуки:

**<u>Вонредно собрание на КИРСМ одржано на ден 03.02.2020 година во хотел Континентал, Скопје</u>**. На седницата на ова Собрание беа донесени следните позначајни одлуки и тоа:

- По повод Предлогот на Министерството за правда на РСМ дел бр. 03-55/1 од 20.01.2020 година со кое се предлага измена на член 5 став 7 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите ( „Службен весник на РМ“ бр. 32/19):„ Кога извршувањето се спроведува за наплата на парично побарување од физичко лице согласно член 141 ( врз плата и врз други парични примања) и член 149 ( транскациска сметка на физичко лице) од Законот за извршување, награда на извршителот за извршените дејствија не може да биде поголема од 300 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметување”, Собранието на Комората на извршители на Република Северна Македонија дава негативно мислење. Предлогот за измена на Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите треба да биде поткрепен со детална независна експертска анализа и широк, инклузивен и интензивен процес на консултација. Предложените измени не се засновани на конкретни аналитички податоци или барем такви не се презентирани од страна на предлагачот. Процесот за донесување на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите во никој случај не треба да биде еднostран и Комората како орган која ја застапува професијата извршител треба да биде вклучен во процесот на изготвување на било каква регулатива што е поврзана со професијата извршител. Изразувајќи незадоволство и револт од ваквиот понижувачки предлог за измена на Тарифа без никакви оправдани причини од страна на Министерството за правда, Собранието на Комората на извршители на РСМ донесе одлука за еднодневен прекин на работа и тоа на ден 07.02.2020 година. Собранието на Комората смета дека Предлогот на Министерството за правда не се темели на поопсежна анализа особено на ефектите од веќе намалената Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за

работата на извршителите од 07.02.2019 година („Службен весник на РМ“ бр.32/19). Доколку Министерството за правда пристапи кон измена на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите како што е предложено без позитивно мислење од Собранието на Комората на извршители на РСМ, извршителите трајно ќе прекинат со работа сметано од денот на објавата на изменетата Тарифа во Службен весник на РСМ. Собранието на Комората предлага со оглед на постоечката и вака предложената Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, Министерството за правда да предложи до Владата на РСМ измени на Законот за извршување со кои извршувањето ќе се врати во надлежност на редовните судови;

- На ден 07.02.2020 година канцelarите на извршителите на подрчајето на цела Република Северна Македонија вклучително и Комората на извршители на РСМ ќе прекинат со работа;

- Вработените од канцелариите на извршителите и вработените во Комората на извршители на РСМ на ден 07.02.2020 година нема да работат;

- Секој извршител е должен на вратата од својата канцеларија да стави писмено известување дека на ден 07.02.2020 година работата во канцеларијата се прекинува согласно одлука на Собрание на КИРСМ;

- Се разгледа Закон за измени и дополнувања на Закон за извршување ( „Сл. Весник на РСМ“ бр. 14 од 20.01.2020 година);

- Се прифаќа иницијатива за формирање на правна асоцијација помеѓу Нотарска комора на РСМ и Комора на извршители на РСМ. Во правната асоцијација дополнително да се вклучат и Адвокатската комора на РСМ и Комората на медијатори како и други сродни комори.

**Вонредно Собрание на КИРСМ одржано на ден 10.08.2020 година во хотел Александар Палас, Скопје.** На седницата на ова Собрание беа донесени следните позначајни одлуки:

- Не се избира Претседател на Комората на извршители на РСМ со мандат од 11.10.2020 година;

- Се избира Диневски Николче, извршител од Битола за член на Управен одбор на КИРСМ со мандат од три години сметано од 10.08.2020 година;

- Се избира Бањански Благој, извршител од Неготино за заменик член на Дисциплинска комисија при КИРСМ со мандат од три години сметано од 10.08.2020 година.

- Се врши отпис на членарините за сите извршители при КИРСМ за месец април, мај, јуни и јули 2020 година поради Уредба со законска сила за примената на Законот за извршување за време на Вонредната состојба ( „Службен весник на РСМ“ бр. 86 од 01.04.2020 година). Извршителите кои ги имаат платено членарините за месеците наведени во точка 1 од оваа одлука истите ќе им се признаат за наредените месеци сметајќи од месец август 2020 година односно за онолку месеци за колку што имаат платено членарина за времетраењето на вонредната состојба. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување од страна на Собранието на КИРСМ, а ќе се применува од први април 2020 година.

**<u>Вонредно Собрание на КИРСМ одржано 01.10.2020 година во хотел Александар Палас, Скопје</u>** . На седницата на ова Собрание беа донесени следните позначајни одлуки:

- За Претседател на Комората на извршители на Република Северна Македонија е избран извршител Ванчо Марковски од Тетово со мандат од 11.10.2020 година. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување;

- За член на Управен одобр на КИРСМ од подрачјето на Апелациониот суд Штип е избран извршител Славе Дончев од Кочани, со мандат од три години сметано од 16.11.2020 година;

- За член на Управен одбор на КИРСМ од подрачјето на Апелациониот суд Гостивар е избран извршител Чедомир Личковски од Гостивар, со маднат од три години сметано од 16.11.2020 година;

- За член на Дисциплинска комисија на Комората на извршители на РСМ од редот на извршителите е избран извршител Славица Ацовска од Тетово со мандат од три години сметано од 01.10.2020 година;

**<u>Продолжение на седница на Вонредно собрание на КИРСМ од 01.10.2020 година одржано на ден 12.11.2020 година во хотел Александар Палас, Скопје:</u>**

На продолжението на седница на Вонредно собрание на КИРСМ од 01.10.2020 година година одржано на ден 12.11.2020 година беше донесена одлука со која се утврдува дека 20 ( дваесет) гласачки ливчиња на кои е заокружен само бројот пред еден кандидат од потребните двајца за избор на член на Управен одбор на КИРСМ од подрачјето на Апелациониот суд Скопје се сметаат за важечки и Изборната комсија повторно да ги преброи гласачките ливчиња за избор на два члена на Управен одбор на КИРСМ за подрачјето на Апелациониот суд Скопје и да ги смета за важечки 20 ( дваесетте) гласачки ливчиња на кои што е заокружен само еден број пред кандидатот, за избор на два члена на Управен одбор на КИРСМ за подрачјето на Апелациониот суд Скопје. Понатаму, се донесе одлука со која за член на Управен одбор на КИРСМ од подрачјето на Апелациониот суд Скопје е избран извршител Моника Муча од Скопје, со мандат од три години сметано од 16.11.2020 година и за член на Управен одбор на КИРСМ од подрачјето на Апелациониот суд Скопје е избран извршител Драган Кочовски со мандат од три години сметано од 16.11.2020 година.

**Вонредно Собрание на КИРСМ одржано 12.11. 2020 година во хотел Александар Палас, Скопје** се донесе одлука со која се избира Гордана Џутеска извршител од Охрид за член на Дисциплинската комисија на КИРСМ со мандат од три години сметано од 12.11.2020 година и се избира Јасна Жежова, член на Совет на Јавните обвинители на РСМ за член на Дисциплинската комисија на КИРСМ со мандат од три години сметано од 12.11.2020 година. Понатаму, се донесе одлука со која се усвои Годишен извештај за работата на КИРСМ од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, одлука со која се усвои Годишен финансиски извештај на КИРСМ за 2019 година, одлука со која се усвојува Финансиски план на КИРСМ за 2020 година со измена на точка 7 - побарувања од претходни години за неисплатени членарини од дел **А.-Приходи** на начин што, наместо износ од 68.543,00 денари треба да стои износ од 680.543,00 денари, измена на **Вкупно планирани приходи** на начин што, наместо износ од 12.755.769,00 денари треба да стои износ од 13.367.769,00 денари и измена на **дел В. – разлика на приходи и расходи - приходи минус расходи (А-Б)** на начин што, наместо износ од 5.034.319,00 денари треба да стои износ од 5.646.319,00 денари.

На седницата беше донесена одлука со која се определува коморската членарина за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година да изнесува 3.500,00 денари а од 01.07.2021 година ќе продолжи да важи Одлуката дел бр. 01-1343/2 од 05.08.2009 година донесена на третото Редовно Годишно Собрание на Комората одржано на ден 07.02.2009

година доколку Собранието на Комората не донесе нова одлука како и одлука со која извршителите кои започнаа со работа од месец јануари 2020 година се ослободуваат од плаќање на коморска членарина од месец август 2020 година до месец декември 2020 година.

Исто така, на оваа седница на Вонредно собрание беше донесена одлука со која се дополнува член 3 од Деловникот за работа на Собранието на Комората на начин што, после став 1 се додаваат два нови ставови 2 и 3 кои гласат:,, (2) Седниците на Собранието на Комората по потреба со одлука која ќе ја потврди Управниот одбор на Комората, можат да бидат свикувани и одржувани и по електронски пат, со користење на видео конференциска врска. Седниците на Собранието кога се одржуваат со физичко присуство на членовите на Собранието, можат да бидат и тонски снимани.(3) Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзино донесување и објавување на веб страната на Комората.", како и одлука со која се се формира Работна група за изработка на нов текст на Правилник за начинот на предавање на списи, книги, електронска евиденција и состојба на сметка од извршител чија должност престанала на именуваниот извршител, постапување по презмените предмети и правото на надомест на извршителот кој продолжува да постапува по предметите на извршителот чија должност престанала во состав од: Извршител Златко Пејовски од Скопје; Извршител Благојче Кипровски од Скопје и Извршител Билјана Николовска од Куманово и се задолжува Работната група во рок од 30 дена од денот на донесување на оваа одлука да подготви нов текст на Правилник за начинот на предавање на списи, книги, електронска евиденција и состојба на сметка од извршител чија должност престанала на именуваниот извршител, постапување по презмените предмети и правото на надомест на извршителот кој продолжува да постапува по предметите на извршителот чија должност престанала.

## 2.Управен одбор на КИРСМ

Управниот одбор на КИРСМ во текот на оваа извештајна година има одржано вкупно 18 седници на кои беа донесени следниве поважни одлуки:

- Се разгледа Закон за измени и дополнувања на Закон за извршување ( „Службен весник на РСМ" бр. 14 од 20.01.2020 година). Се овластува Претседателот на КИРСМ да изготви писмено известување до Фондот за ПИОМ за начинот на примена на Законот за измена и дополнување на Законот за извршување („Службен

весник на РСМ“ бр. 14 од 20.01.2020 година). Се овластува Претседателот на КИРСМ писмено да побара произнесување од Министерството за правда на РСМ за начинот на постапување согласно Законот за измени и дополнувања на Законот за извршување односно дали да се користат постоечките обрасци. Се препорачува на извршителите во Налогот за извршување врз основа на член 141 врз плата и други парични примање од Законот за изршување, образец бр. 44 да се додаде 1/5 од приматели до висина на просечна плата или пензија.

- Се овластува Претседателот на КИРСМ да изготви писмени дописи со предлози кои би биле имплементирани во евентуално донесената Уредба со законска сила или друг акт од страна на Владата на РСМ со кој ќе се регулира постапката на извршување во РСМ, а кои дописи ќе ги достави до Влада на РСМ и до Министерство за правда на РСМ.

- Се овластува Претседателот на КИРСМ да изготви писмен допис до Влада на РСМ и до Министерството за правда на РСМ во кој ќе бидат дополнети предлозите истакнати во дописот од ден 24.03.2020 година и ќе биде укажано на одредени практични проблеми со кои би се соочиле извршителите при спроведувањето на извршните постапки во иднина, а кои ќе се јават доколку се овластат носителите на платен промет самостојно да деблокраат трансакциски сметки. Во дописот да биде истакнато дека при деблокада на трансакциските сметки на должниците од страна на банките веќе издадените налози за блокада на трансакциската сметка на должникот да го задржат редоследот на приемот на налозите за извршување во банката, односно средствата што се наоѓаат на сметка на друга банка, а која сметка е блокирана по автоматиазам согласно законот за платен промет да не се ослободуваат и должникот да може да располага само со паричните средства на трансакциските сметки кои се над износот содржан во налогот, односно добиен прилив на средства по стапување на сила на Уредбата со законска сила.

- Се овластува Стручната служба на КИРСМ да изготви фактури за месец април 2020 година, мај 2020 година и јуни 2020 година и истите да ги достави до извршителите, согласно Одлуката на Управен одбор од 10.05.2013 година со која е определено дека сите дописи и фактури Комората на извршители ќе ги доставува по електронски пат до извршителите. За времетраењето на вонредната состојба, ќе

биде одложено плаќањето на членарината по издадена фактура за месеците: април, мај и јуни 2020 година, односно овие фактури ќе се платат на 6 ( шест) еднакви рати почнувајќи од јули месец 2020 година, па се до декември месец 2020 година. Ова би значело дека, започнувајќи од месец јули 2020 година, па се до месец декември 2020 година извршителот ќе уплаќа на сметката на Комората, вкупен износ од по 9.000,00 денари (повикувајќи се на уплата на пристигнатата фактура за тековниот месец во износ од 6.000,00 денари и повикувајќи се на уплата на дел од предходно доставена фактура -во износ од 3.000,00 денари).

- Членовите на Управен одбор доброволно се откажуваат од надоместок за присуство на седници на УО на КИРСМ за месеците април, мај и јуни 2020 година.

- Се овластува Претседателот на КИРСМ да изготви и достави писмен допис до АДКОМ- Здружение на даватели на комунални услуги на РСМ, дека извршителите согласно Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица ( „Службен весник на РСМ" бр. 31/20) постапуваат согласно член 5 став 2 само по прецизирано барање за извршување од доверителите назначени во членот 5 став 1 од истоимениот закон, при што доверителот е должен да изврши репрограмирање на главен долг и други трошоци во постапките, а динамиката на плаќање е определена во член 7 став 1 од истоимениот закон. Се овластува Претседателот на КИРСМ писмено да се обрати до Министерот за правда на РСМ со цел барање за информација за примена на образец од страна на извршителите во врска со определувањето на ратите на должниците кои произлегуваат од Законот за отпис на камата и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица ( „Сл. Весник на РСМ" бр. 31/20).

- Се брише од Именик на извршители Владе Милевски од Битола со адреса на живеење на ул. Таки Даскалот бр. 5 упишан во Именикот на извршители при Комората на извршители на РСМ како извршител под реден број 77.

- Се закажува Вонредно собрание на извршителите за избор на Претседател на Комора на извршители на РСМ и член на Управен одбор на Комора на извршители на РСМ за подрачјето на Апелациониот суд Битола на ден 10.08.2020 година ( понеделник) во 12 часот во Скопје. Кандидирањето за Претседател се врши по писмен пат со доставување на кандидатурата до Комората, поддржана од најмалку

5 извршители, заедно со согласноста на предложениот кандидат дека е согласен да ја извршува должноста. Предлагањето се врши во рок од 15 дена од денот на објавување на оваа одлука за избор. Предлогот за кандидирање заедно со програмата до Комората на извршители на РСМ да се достави заклучно со ден 24.07.2020 година.

- Членовите на Управен одбор доброволно се откажуваат од надоместок за присуство на седници на УО на КИРСМ за месец јули 2020 година

- Се брише од Именик на извршители Васил Донев од Струмица со адреса на живеење на ул. 11-ти Септември бр.54 упишан во Именикот на извршители при Комората на извршители на РСМ како извршител под реден број 49.

- Се закажува Вонредно собрание на извршителите за избор на Претседател на Комора на извршители на РСМ, два члена на Управен одбор на Комора на извршители за подрачјето на Апелациониот суд Скопје, еден член на Управен одбор на Комора на извршители на РСМ за подрачјето на Апелациониот суд Штип, еден член на Управен одбор на Комора на извршители на РСМ за подрачјето на Апелациониот суд Гостивар и член на Дисциплинска комисија при Комора на извршители на РСМ од редот на извршителите кое ќе се одржи во Скопје. Кандидирањето за Претседател се врши по писмен пат со доставување на кандидатурата до Комората, поддржана од најмалку 5 извршители, заедно со согласноста на предложениот кандидат дека е согласен да ја извршува должноста. Предлагањето се врши во рок од 15 дена од денот на објавување на оваа одлука за избор.Предлогот за кандидирање заедно со програмата до Комората на извршители на РСМ да се достави заклучно со 24.09.2020 година.

- Се брише од Именик на извршители Зоран Стоиловски со адреса на живеење на ул. Вера Јоциќ бр. 6 Делчево, упишан во Именикот на извршители при Комората на извршители на РСМ како извршител под реден број 37.

- За членови на Стручен совет на КИРСМ со мандат од 02.10.2020 до 02.10.2021 година се избираат: Проф. д-р Ангел Ристов од Правен факултет Јустинијан Први; Љубица Караманди Попчевска од Министерство за правда; Наташа Габер Дамјановска од Академија за судии и јавни обвинители; Селим Адеми од Судски совет на РСМ и извршител Валентина Спасова Јованова од Штип.

- Се брише од Именик на извршители Станка Кулакова со адреса на живеење на ул. АСНОМ бр. 36 Штип, упишан во Именикот на извршители при Комората на извршители на РСМ како извршител под реден број 19.

- Се констатира оставка од функција – Претседател на Дисциплинска комија при КИРСМ на извршител Ванчо Марковски, избран за Претседател на Комора на извршители на РСМ со мандат од 11.10.2020 година согласно член 29 став 3 од Статуот на Комората на извршители на РСМ според кој Претседателот на Комората за времетраење на својот мандат не може истовремено да биде член на другите органи на Комората освен на оние во кои членува по основ на закон.

- Се закажува продолжение на седница на Вонредно собрание одржано на ден 01.10.2020 година во Скопје со следните точки од усвоениот Дневен ред: Избор на два члена на Управен одбор на КИРСМ од подрачјето на Апелациониот суд Скопје со мандат од 16.11.2020 година и Разно. Продолжението на седница на Вонредно собрание одржано на ден 01.10.2020 година во Скопје ќе се одржи на ден 12.11.2020 година ( четврток) со почеток во 11 часот, во Хотел Александар Палас Скопје.

- Се закажува Вонредно собрание на Комора на извршители на РСМ на ден 12.11.2020 година (четврток) со почеток во 13 часот во хотел Александар Палас, Скопје

- За Потпретседател на Комората на извршители на РСМ со мандат од 16.11.2020 година се избира Николче Диневски.

- Се менува Одлука дел бр. 02-96/27 од 28.01.2020 година донесена на 195 седница на УО на КИРСМ и истата гласи: Се определува Коморската уписнина да изнесува 10.000,00 денари. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување. Одлуката дел бр. 02-96/27 од 28.01.2020 година донесена на 195 седница на УО на КИРСМ престанува да важи.

- Да се набави лаптоп за потребите на КИРСМ до износ од 30.000,00 денари.

- За членови на Комисија за односи со јавност на Комората на извршители на РСМ се избираат:Извршител Гордан Станковиќ од Скопје; Извршител Премтим Ќерими од Куманово и Извршител Весна Деловска од Скопје. Комисијата за односи со јавност од своите редови да избере свој Претседател. Писмена одлука да се достави до избраните членови.

- По повод Повик за обучувачи за учество во Програмата- Обука за обучувачи за приватни извршители дел бр. 03-561/1 од 03.11.2020 се избираат следните извршители: Извршител Гордан Станковиќ именуван за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје; Извршител Емилија Павловска именуван за подрачјето на Основен суд Штип и Св. Николе и Извршител Силвана Митевска именуван за подрачјето на Основен суд Штип и Св. Николе. Писмена одлука да се достави до избраните кандидати и до ГИЗ.

- Се овластува Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, извршител Васко Блажевски именуван за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје и извршител Методија Костадинов именуван за подачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје да учествуваат на Постојан совет на МУСИ на ден 26.11.2020 година кој ќе се одржи преку видеоконференциска врска.

- Се дополнува член 2 од Деловник за работа на Управниот одбор на начин што, после став 1 се додава нов став кој гласи:,, По потреба, седниците на Управниот одбор на Комората може да се одржуваат и по електронски пат со користење на видеоконференциска врска како и истите да  можат да бидат и тонски снимани. Ставот 2 станува нов став 3.

- Се формира Комисија за нормативна дејност на Комора на извршители на РСМ составена од пет члена и тоа:Николче Диневски, Извршител од Битола; Зоран Петрески, Извршител од Скопје; Билјана Николовска, Извршител од Куманово; Јадранка Јовановска, Извршител од Куманово и Благоја Каламатиев, Извршител од Скопје.

- Во иднина договорите што ќе ги склучува Комората со надворешни членови ќе ги изготвува Стручната служба, а ќе ги потпишува овластено лице на Комората.

- Во иднина Комората на извршители на РСМ во врска со постапувањето по претставките и предлозите ќе постапува исклучиво со примена на одредбите на Законот за постапување по претставки и предлози ( „Сл. Весник на РМ“ бр. 87 од 08.07.2008 година, бр.13/13,156/15 и бр.193/15) со изготвување на Известување до странките а во случај кога има услови со предлог за поведување на дисциплинска постапка.

- Се менува и дополнува Одлука дел бр. 02-547/13 од 27.10.2020 година донесена на 209-та седница на Управен одбор на КИРСМ на начин што, после став 2 се додава нов став 3 кој гласи:„ Со изборот на оваа Комисија за односи со јавност им престанува мандатот на членовите на Комисијата за односи со јавност формирана со Одлука дел бр. 02-590/2 од 21.11.2019 година.Ставот 3 станува нов став 4 кој гласи:„ Писмена одлука да се достави до избраните членови на Комисијата за односи со јавност и до разрешените членови на Комисија за односи со јавност”.

- За учество во Комисиите и работните тела при КИРСМ на членот од редот на извршителите, покрај патни трошоци за присуство на седница во одредени ситуации кога станува збор за вложен труд за изработка на соодветен правен акт му следува и соодветен надоместок кој ќе го утврди Управниот одбор.

**3. Претседател на КИРМ**

А. **Разгледување на претставки**

До Комората на извршители на РСМ во периодот од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година беа доставени вкупно 137 претставки од странки против извршителите. По претходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални недостатоци, доставено е барање за уредување од страна на Стручната служба на КИРСМ до странката и онаму каде што не беше постапено претставката е отфрлена. Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот.

Од вкупниот број на претставки примени во текот на 2020 година, 12 претставки остануваат нерешени и се префрлуваат за следната 2021 година, а 14 претставки префрлени од 2019 година, беа решени во 2020 година. Во текот на 2020 година од страна на претседателот на КИРСМ во повторена постапка, се разгледани 3 претставки од 2019 година, поради тоа што решенијата донесени по тие претставки, беа поништени од страна

на Управниот суд. Вкупниот број на решени претставки од страна на Претседателот на КИРСМ, во рамки на оваа извештајна година изнесува 128.

Претседателот на Комората во текот на 2020 година достави 10 (десет) одговори по поднесени тужби за поведување на управен спор од страна на извршителите, до Управен суд на РСМ :

| **Број на Тужби поднесени до Управен суд:** | **по повод решение на Претседател на КИРСМ по претставка** | **по повод решение на Дисциплинска комисија при КИРСМ** | **Вкупно:** |
|---|---|---|---|
| **2014** | **22** | **19** | **41** |
| **2015** | **9** | **6** | **15** |
| **2016** | **4** | **12** | **16** |
| **2017** | **8** | **15** | **23** |
| **2018** | **7** | **10** | **17** |
| **2019** | **2** | **3** | **5** |
| **2020** | **7** | **3** | **10** |

Претседателот на КИРСМ во текот на 2020 година достави 4 (четири) одговори на жалби по повод управен спор до Виш Управен суд на РСМ.

| **Број на жалби** поднесени до Виш Управен суд на РСМ против одлуки на КИРСМ во 2020 | |
|---|---|
| Поднесени жалби во врска со решение на Претседател на КИРСМ по претставка | 3 |
| Поднесени жалби во врска со решение на Дисциплинска комисија при КИРСМ | 1 |
| **Вкупно** | **4** |

Претседателот на КИРСМ во 2020 година поднесе 4 (четири) барања за извршување против извршители по основ долг за неплатена парична казна изречена со одлука на Дисциплинска комисија на КИРСМ.

Претседателот редовно доставуваше известувања до Народниот правобранител на РСМ по пристигнати барања за известување со барање за превземање дејствија од страна на НП на РСМ а по повод претставки од граѓани кои се однесуваат за постапување на извршителите, како и по повод барања податоци од Јавното обвинителство на РСМ.

Б.**Работа на Комората во услови на Вонредна состојба предизвикана од пандемија од Ковид-19**

На ден 18.03.2020 година, Владата на РСМ донесе Уредба со законска сила со која прогласи Вонредна состојба на територијата на РСМ а предизвикана од ширењето на вирусот Ковид -19. На ден 01.04.2020 година во „Службен весник на РСМ“ бр.86/2020 година е објавена Уредба со законска сила за примената на Законот за извршување за време на вонредната состојба во која што е предвидено дека Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/16,142/16,233/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.14/20) нема да се применува во периодот од денот на влегување на сила на оваа уредба со законска сила до 30.06.2020 година, освен доколку со оваа Уредба со законска сила не е поинаку уредено. На ден 16.04.2020 година во „Службен весник на РСМ“ бр.103, Владата на Република Северна Македонија, објави Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примената за Законот за извршување за време на вонредната состојба. Во „Службен весник на РСМ“ број 156 од 12.03.2020 година е објавена Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примената за Законот за извршување за време на вонредната состојба при што рокот за непримената за Законот за извршување се продолжи до 24.07.2020 година.

За време на донесените Уредби со законска сила за примената на Законот за извршување, Претседателот на Комората Зоран Димов во консултација со членовите на Управниот одбор донесе Препораки за работа на КИРСМ и канцелариите на извршителите за време на Вонредна состојба прогласена поради спречување на ширењето на вирусот Ковид 19.

В. **Утврдување на просторни услови**

Претседателот во текот на оваа извештајна година спроведе увид во канцеларија на извршител со цел констатирање дали работните услови на канцеларијата на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи ( „Службен Весник на РМ“ бр.226/16 од 30.12.2016 година). Врз основа на спроведениот увид, Претседателот донесе 20 (дваесет) позитивни мислења со кои се констатира дека работните простории на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи.

Г. **Членарина**

Претседателот на КИРСМ во текот на оваа извештајна година, врз основа на одлуката на Собранието со која се овластува да поднесува правни средства против извршителите кои имаат долг спрема Комората за неплатени членарини , поднесе:

- Еден предлог до надлежен нотар за донесување на решение за издавање на нотарски платен налог.

Д. **Средби**

Во текот на 2020 година Претседателот на КИРСМ оствари повеќе средби со претставници на институции. Од остварените работни средби како најзначајни се издвојуваат следните:

- На ден 30.01.2020 година Претседателот на КИРСМ Зоран Димов зеде учество на Националната конвенција за ЕУ во Клуб на пратеници на РСМ на тема „Основни права-Меѓуевропски стандарди и национална практика“;

- На ден 20.02.2020 година, Претседателот на КИРСМ Зоран Димов, извршител Роза Родиќ и извршител Магдалена Симовска Давидовиќ одржаа состанок со Директорот и претставници од Фонд на пензиско и инвалидско осигурување;

- На ден 20.03.2020 година, Претседателот на КИРСМ Зоран Димов, извршител Роза Родиќ и извршител Дашмир Саити одржаа состанок со Претседателот на Адвокатска комора на РСМ;

- На ден 10.04.2020 година, извршител Весна Деловска, претставник од Министерството за правда, претставници од НБ на РСМ, претставници од МБА како и претставник од секторот за платен промет при КБ АД Скопје оствариja состанок преку електронска врска;

-На ден 23.06.2020 година Претседателот на КИРСМ Зоран Димов, извршител Роза Родиќ, Извршител Снежана Андреевска, одржаа средба со извршниот директор на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија;

-На ден 24.06.2020 година, Претседателот на Комората Зоран Димов и извршител Роза Родиќ од Скопје, оствариja онлајн средба со претставници на Македонската Банкарска Асоцијација;

-На ден 01.07.2020 година Претседателот на КИРСМ Зоран Димов, извршител Роза Родиќ, извршител Дашмир Саити, одржаа средба со претставници на Стопанска комора на РСМ;

-На ден 23.09.2020 година 2020 година Претседателот на КИРСМ Зоран Димов и извршител Роза Родиќ, оствариja средба со Министерот за правда на РСМ;

-На ден 27.10.2020 година Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Катерина Кокина оствари онлајн средба со Претставници на КИБС;

-На ден 29.10.2020 година Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, извршител Николче Диневски и извршител Јорданчо Давитковски оствариja средба со Заменик на Претседателот на Владата на РСМ за борба против корупцијата и криминал, одржлив развој и човечки ресурси г-дин Љупчо Николовски и Министерот за правда на РСМ г-дин Бојан Маричиќ;

-На ден 25.11.2020 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и претставници на Агенција за управување со одземен имот на РСМ одржаа онлајн состанок.

-На ден 02.12.2020 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Николче Диневски зедоа учество на првата сесија од вториот циклус на Работна група 3, Правосудство и основни права, Национална конвенција на ЕУ во Република Северна Македонија „Реформски идеи за „прочистување на правосудството“ низ призмата на постоечките механизми“, организирана преку конференциска врска;

- На ден 15.12.2020 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски одржа состанок со извршител Лазар Петровски од Куманово, извршител Николина Стојковска од Битола, извршител Санида Јашар од Тетово и извршител Билјана Николовска од Куманово.

- На ден 22.12.2020 година Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Златко Пејовски оствариja средба со В.д Директорот на Фонд на пензиско и инвалидско осигурување на РСМ г-ѓа Билјана Јовановска и претставници на Фонд на пензиско и инвалидско осигурување на РСМ.

Ѓ. **Соработка со Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Во периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година до Комората на извршители на РСМ се поднесени 6 (шест) барања за пристап до информации од јавен карактер. Од страна на Комората на извршители на РСМ по две барања делумно е одобрен пристап до информациите од јавен карактер, а по едно барање е донесен Заклучок со кој се констатира повлекување на барањето. Од страна на Комората на извршители на РСМ

позитивно е одговорено на пет (5) барања. На едно барање е одобрен пристап до информациите од јавен карактер, по четири (4) барања делумно е одобрен пристап до информациите од јавен карактер, а едно (1) барање е препратено до иматели на информации, согласно член 18 од ЗСПИЈК. Одбиени барања за пристап до информации од јавен карактер, нема. Против првостепените одлуки донесени од страна на Комората на извршители на РСМ е вложена една жалба од страна на подносител на барање. Комората на извршители на РСМ уредно ја исполни обрската и изготви Годишен извештај за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година, кој ќе се достави до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

4.**Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ**

На ден 25.12.2020 година, Дисциплинската комисија одржа конститутивна седница, на која беа избрани Претседател на Дисциплинска Комисија, Заменик претседател на Дисциплинска комисија, член известител и заменик член известител на Дисциплинската комисија а сето тоа согласно член 58 од Закон за извршување ( „Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16,233/18 и 14/20) в.в. член 6 од Правилник за Дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка.

До Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година беа доставени 3 (три) предлози за поведување на дисциплинска постапка од подносител Министерството за правда на РСМ кои се префрлени за одлучување во следната 2021 година. Во текот на 2020 година беа донесени 2 (две) решенија од страна на ДК при КИРСМ и тоа едно решение со кое се изрекува парична казна и едно решение со кое се одбива предлогот и се утврдува дека не е сторена дисциплинска повреда од страна на извршителот.

| Година | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршители | 98 | 101 | 97 | 91 | 99 |
| Вкупен број на предлози за Дисциплинска постапка | **5** | **3** | **10** | **14** | **3** |
| Решение со кое се одбива предлогот – не е сторена дисциплинска повреда | //// | //// | //// | 3 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дисциплинска мерка – парична казна | //// | 2 | 5 | 5 | 1 |
| Дисциплинска мерка – писмена/ јавна опомена на извршител | //// | 1 | 2 | 1 | /// |
| Решение – привремена забрана за вршење на должност извршител - суспензија | //// | //// | 2 | //// | /// |
| Решение – Трајно одземање на правото на вршење на должност извршител | //// | //// | 1 | //// | /// |
| Решение –Привремено одземање на правото на вршење на должност извршител | //// | //// | 1 | 1 | /// |
| Решение –се отфрла предлогот за поведување на дисц. постапка | 5 | //// | 1 | 3 | /// |

Претседателот на Комората на извршители и Основен суд како овластени предлагачи на дисциплинска постапка немаат поднесено ниту еден предлог за поведување на дисциплинска постапка, во текот на 2020 година.

**Надзорен одбор на КИРСМ**, во состав од три члена, во текот на оваа извештајна 2020 година, одржа четири седници на кои беше спроведен надзор над финансиското работењето на Комората на тромесечни периоди во текот на 2020 година. Врз основа на обврската од Статутот на КИРСМ, Надзорниот одбор достави свој Извештај за работењето до Собранието на Комората[16] .

**Стручен совет на КИРСМ**

Стручниот совет на КИРСМ во текот на 2020 година одржа шест седници.На седница одржана на ден 16.04.2020 година Стручниот совет донесе три правни мислења, на седница одржана на ден 17.07.2020 година донесе три правни мислења и еден заклучок, на седница одржана на ден 24.08.2020 година донесе пет правни мислења и едно дополнение на правно мислење и на седница одржана на ден 04.12.2020 година донесе дополнение на правно мислење. Струченото совет на КИРСМ во текот на 2020 година му

[16] Годишниот извештај на Надзорен одбор е прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРСМ

предложи на Управниот одбор на КИРСМ да усвои 11 правни мислења и две дополненија на правно мислење.

**<u>Комисија за стручна едукација на извршители</u>** , во состав од пет члена, во текот на оваа извештајна година, одржа една средба на која донесе Предлог програма за задолжителна едукација на извршителите за 2020 година и одлука со која до Управниот одбор на Комората достави предлог-теми за семинар на извршители закажан за период од 29.02.2020- 01.03.2020 година.

**<u>Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител</u>**

Во текот на оваа извештајна година, Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршител одржа 4 седници. Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршител на ден 10.01.2020 година одржа конститутивна седница. На ден 10.01.2020 година беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на двајца извршители за две подрачја на Основни судови во РСМ. На седницата беа разгледани 4 пријави со прилози од кандидати доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс и од страна на Комисијата беше утврдено дали кандидатите ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување и беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

На седница на Комисија одржана на ден 06.02.2020 година беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на еден извршител за едно подрачје на Основен суд во РСМ, на местото на еден извршител чија должност престанала. На седницата беше констатирано дека до Комората на извршители на РСМ не се доставени пријави од заинтересирани кандидати по повод објавениот Конкурс, па врз основа на тоа Комисијата укажа на фактот дека постапката треба да продолжи согласно чл.74 ст.2 од Законот за извршување, за што беше и изготвено мислење од страна на Комсијата.

На седница на Комисија одржана на ден 04.11.2020 година беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на четири извршители за четири подрачја на Основен суд во РСМ, на местото на четири извршители чија должност престанала. На седницата беше констатирано дека за три од објавените извршителски места во конкуроst не се поднесени пријави од заинтересирани кандидати. На седницата беше разгледана 1 ( една) пријава со прилози од кандидат доставена во Комората на

извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс и од страна на Комисијата беше утврдено дали кандидатот ги исполнува условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување и беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

Во текот на оваа извештајна година, Комората на извршители на РСМ спроведе 4 (четири) постапки за утврдување на предлог по пат на ждрепка помеѓу извршителите од подрачјето на основните судови од каде биле извршителите чија должност престанала а кои предлози ги достави до Министерство за правда за донесување на решение за определување на извршител од редот на именуваните извршители од истото подрачје којшто веднаш ќе ги превземе предметите на извршителот чија должност престанала и ќе ја продолжи работата по предметите, со сите овластувања кои му припаѓаат на извршител согласно Законот за извршување.

**Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа**

Во оваа извештајна година, Комисјата извршила 4 (четири) надзори над работењето на извршителите за правилна примена на Тарифа по што до Управниот Одбор на КИРСМ доставија 4 (четири) Записници со мислења од извршени вонредни контроли, со кои не се утврдени состојби кои укажуваат на неправилна примена на Тарифа.

Во оваа извештајна година остана незавршени 2 (два надзори) над работењето на извршителите за правилна примена на Тарифа, кои ќе се спроведат во текот на наредната година.

**Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување**

Врз основа на чл. 36 став 1 од Законот за извршување ( „Службен Весник на РМ“ бр. 72 од 12.04.2016 година) в.в. чл. 5 ст.1 и ст.2 од Правилникот за работното време на извршителот и Комората на извршители на Република Македонија донесен на седница на Вонредно собрание на Комората на извршители на Република Северна Македонија одржана на ден 20.06.2016 година, со одлука на Управен одбор на КИРСМ се одобри Годишниот распоред на Комората на извршители на РСМ за 2020 година со кој се определуваат извршители во 15 (петнаесет) градови во РСМ каде нема именувано извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, во просториите на општините за период од една година, а врз основа на еднаква застапеност на извршителите. Согласно доставените

извештаи за присуство во општини извршителите присуствува согласно Годишниот распоред за период од 10.01.2020 година до 25.12.2020 година, меѓутоа како резултат на оваа активност во текот на 2020 година не беше примено ниту едно барање за извршување од физичко лице доставено до извршител присутен на одредениот ден во просториите на општината.

**<u>Активности на КИРСМ преку одржани семинари, обуки и работилници</u>**

**1.Семинар на извршители**

Комората на извршители на РСМ во деновите 29.02.2020 година и 01.03.2020 година организираше семинар на извршителите кој се одржа во хотел Гранит, Охрид. На првиот ден од семинарот беа обработени следните теми: „Разгледување на уставните иницијативи и воедначена примена на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци на извршителите “, „ Закон за измени и дополнувања на Закон за извршување ( „Службен весник на РСМ“ бр. 14/20), начин на постапување од страна на извршителите во согласност со измените и дополнувањата на Законот за извршување”, „ Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица ( „Службен весник на РСМ„ бр. 31 од 10.02.2020 година)” и „ Завземање на став и начин на постапување од страна на извршителите во врска со примена на член 46 став3 точка 2 алинеја 2 од Законот за извршување и член 5 став 3 и 4 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите”. На вториот ден не беа усвоени заклучоци од семинарот.

**<u>Меѓународни активности на КИРСМ</u>**

Оваа извештајна година, КИРСМ, со своите активности беше присутна и на меѓународен план при што на ден 26.11.2020 година делегација на Комората во состав на Претседателот Ванчо Марковски, извршител Методија Костадинов и извршител Васко Блажевски, учествуваа на Постојниот совет на МУСИ кој се одржа преку видеоконференциска врска.

**<u>Регионална соработка на КИРСМ</u>**

Во оваа извештајна 2020 година Комората ја продолжи и зајакна соработката во регионот и тоа со неколку активности :

- На ден 24.04.2020 година, Претседателот на Комората на извршители на РСМ Зоран Димов учествуваше на состанок кој се одржа преку видеоконференција а на кој беше презентиран проектот „Прекугранично извршување на пресуди“;

- Во период од 24.06.2020 до 26.06.2020 година извршител Александар Максимовски учествуваше на регионална конференција „Прекугранично извршување во Југоисточна Европа- статус и перспективи“ која се одржа преку видеоконференција;
- На ден 10.09.2020 година извршител Александар Максимовски зеде учество на состанок кој се одржа преку видеоконференција во рамки на проектот „ Прекугранично извршување во Југоисточна Европа“;
- На ден 13.11.2020 година Претседателот на Комората на извршители Ванчо Марковски и извршител Билјана Николовска учествуваа на состанок преку видеоконференција во рамки на проектот „Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан“.

**<u>Односи на КИРСМ со домашни и странски институции</u>**

А .Односи на КИРСМ со домашни институции

1. **Односи со Министерството за правда на РСМ**

Законската поставеност на Министерството за правда како институција која ја контролира работата на извршителите на РСМ и на самата Комора, Министерството за правда во оваа извештајна година ја оствари преку спроведени редовни и вонредни надозори па до КИРСМ беа доставен вкупно 28 извештаи за извршен надзор над работата на извршителите, од кои 22 спроведени надозори со увид во конкретен И.број на предмет, односно спроведен надзор по повод добиени сознанија од странки и учесници во извршувањето ( претставени во табелата подолу како вонредни надзори), додека 6 надзори се спроведени по основ на месечен план на Министерството за правда за спроведување на надзор (претставени во табелата подолу како редовни надзори).[17]

[17] Анализата за спроведен надзор над работата на извршителите е направена според годината во која е примен извештајот за надзор во Комората, а не по ден на спроведен надзор.




## Нормативна активност на Комората на извршители

На седница на Вонредно собрание одржана на ден 12.11.2020 година се донесе Одлука за формирање на Работна група за изработка на нов текст на Правилник за начин на предавање на списи, книги, електронска евиденција и состојба на сметка од извршител чија должност престанала на именуваниот извршител, постапување по преземените предмети и правото на надомест на извршителот кој продолжува да постапува по предметите на извршителот чија должност престанала во состав од Извршител Благојче Кипровски, Извршител Биљана Николовска  и Извршител Златко Пејовски. Од состаноците на работната група произлезе Нацрт-Правилник за начинот на примопредавање на должноста од поранешениот извршител на новоименуваниот извршител, за регулирање на правата и обврските во постапување и распределба на средствата за надомест на трошоци, дејствија и награда врз основа на вложен труд изработен од членовите на работата група.

Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 211-та седница одржана на ден 11.12.2020 година донесе одлука со која се формира Комисија за нормативна дејност составена од 5 ( пет) члена во состав од: Николче Диневски Извршител од Битола, Зоран Петрески Извршител од Скопје, Биљана Николовска Извршител од Куманово, Јадранка Јовановска Извршител од Куманово и Благоја Каламатиев Извршител од Скопје.

## Односи на КИРСМ со други институции

Комората на извршители на РСМ до Државниот архив на РСМ по повод обврските кои произлегуваат за извршителите како лица кои вршат јавни овластувања и се иматели

на архивски материјал изработи предлог листи и планови, и во законскиот рок за извршителите кои доставија своја согласност за истото до Комората поднесе барање за добивање на согласност за примена на планот и листите од Државен архив на РСМ, врз основа на кое извршителите со Решение на ДАРСМ добија согласност за примена на Планот за архивски знаци за распределување на актите, Листата на архивски материјал и Листата на документарен материјал за 2021 година.

**<u>Односи со медиумите</u>**

Во текот на оваа извештајна година беа реализирани две гостувања во телевизиски медиуми и тоа во месец јануари Претседателот на Комората на извршители на РСМ Зоран Димов учествуваше во емисија посветена на системот на извршување во Република Северна Македонија во Македонско радио и во текот на месец ноември извршителот Гордан Станковиќ учествуваше во дебатна емисија на Телевизија 24 Вести.

Управниот одбор на Комората, на 209–та седница одржана на ден 26.10.2020 година формираше Комисија за односи со јавност на Комората на извршители на РСМ во состав од извршител Весна Деловска од Скопје, извршител Гордан Станковиќ од Скопје и извршител Премтим Ќерими од Куманово.Од страна на Комисијата е изработен Предлог Правилник за работа на Комисијата за односи со јавност на КИРСМ како и Предлог годишна програма за работа за 2021 година а кои се доставени на усвојување до Управниот одбор на Комората.

Комората на извршители на РСМ во оваа извештајна година не одржа годишни известувања на претставниците на медиумите и не продолжи со издавање на гласило на Комората насловено „ Правда“ кое еднаш месечно се издава во форма на подлисток во рамки на дневниот весник Нова Македонија а кое обработува теми поврзани со извршувањето.

**<u>Планови на Комората за 2021 година</u>**

Комората на извршители во 2021 година планира да биде присутна повеќе во полето на односи со медиумите со зајакнување на ПР политиката на Комората и известувања на претставниците на медиумите за постигнатите резултати во извршувањето и преземање на поголем број на активности на Комората за подобрување на имиџот на извршителите во јавноста. Комората исто така, планира да продолжи со издавање на подлистокот „Правда“.

Комората ќе продолжи со активности за обезбедување на целосно бесплатно електронско поврзување со државните органи, институции, регистри и слично, со цел поекономично спроведување на извршувањето.

Во однос на релациите со домашните институции, Комората планира да ја продолжи добрата соработка со Министерството за правда на РСМ, Министерството за финансии на РСМ, Министерството за внатрешни работи на РСМ, Нотарска комора, Адвокатската комора и Судовите во РСМ за усогласување на судска пракса и еднаква примена на Законот за извршување.

Комората ќе продолжи со активности за иницирање на законски измени на постоечкиот Закон за извршување а особено ќе се залага за иницирање на законски измени во насока на проширување на надлежностите на извршт иелите.

Комората ќе се заложи за враќање на обврската за задолжително авансирање на дел од извршните трошоци од страна на доверителите при поднесување на барање за извршување како и издигнување на карактерот на ваквата одредба на ниво на императив, која задолжително ќе мора да биде почитувана од страна на секој член на Комората, без исклучоци.

Активни заложби за подобрување на правната и економската сигурност на извршителот како и институционално зајакнување на капацитетите на Комората.

Комората ќе вложи напори за подобрување на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци на работата на извршителите, во насока на зголемување на бројот на дејствијата кои во иднина ќе се тарифираат, можноста за зголемување на надоместоците предвидени во ставките од Тарифата, можноста за бришење на ставки од Тарифата како и активна заложба во иднина да биде воведена можноста за електронската достава на налози и други акти кои произлегуваат од работењето на извршителот да биде соодветно тарифирана, како и дополнување на Тарифата со нови ставки кои ќе се однесуваат на преземени електронски дејствија од страна на извршителот.

Продолжување на соработката со Коморите во регионот и Меѓународната унија на судски извршители UIHJ (МУСИ).

Комората на извршители во 2021 година ќе продолжи да учествува во проектот доделен од страна на Сојузното Министерство за економска соработка и развој на Германија ,, Cross-border enforcement of judments" кој проект ќе овозможи обучување на лиценцирани тренери за извршување во рамки на UIHJ.

Комората исто така активно ќе продолжи да учествува во проектот ,, Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан 2020-2024 кој е од големо значење за извршувањето

во РСМ како и за целиот регион чија цел е да ги зајакне системите на извршување во Албанија, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

Комората ќе посвети особено внимание на изготвување на студија во насока на подготовка за востановување на Регистар на должници, во кој ќе бидат опфатени сите должници утврдени со правосилни и извршни судски одлуки.

Комората ќе се залага и за поголемо активирање на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите посебно во насока на спроведување на контрола за правилна примена на Тарифата и воедначено постапување на извршителите во смисла на зголемување на обемот на работа на Комисијата, а со цел зајакнување на нејзината улога како коректив на работењето на извршителите и можност за искоренување на нелојалната конкуреција.

Активни заложби од страна на Комората ќе има и во насока на воведување на рамномерна распределба на предмети од комуналната сфера преку Комората на сите извршители.

Главен акцент во 2021 година од страна на Комората ќе бидат активности кои ќе водат кон промена на Законот за извршување, подзаконските акти, актите на Комората како и Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, подигнување на статусот на извршителите како носители на јавни овластувања.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ<br>
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>
Претседател,<br>
Ванчо Марковски